# СКГКП

# ПОВИК ЗА ТРУДОВИ

Факултет за ветеринарна медицина – Скопје

Факултет за земјоделски науки и храна

Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“

Ве поканувaат да земете учество на првата студентска конференција за

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

29 и 30 октомври 2020 година

Скопје, Република Северна Македонија

- ## Цели на конференцијата

Главна цел на конференцијата е подигнување на свеста за климатските промени, особено кај студентите кои како идни ветеринарни доктори, земјоделски и шумарски инженери ќе треба да изнајдат решенија за бројните проблеми со коишто се соочува модерниот свет.

Преку научно-истражувачка дејност, студентите се поттикнуваат да работат на проекти кои се поврзани со климатските промени, истите да ги презентираат и дискутираат со што се придонесува за понатамошно развивање идеи поврзани со можностите и потенцијалот кои овие области ги нудат.

Еден од клучните аспекти на конференцијата е можноста за соработка помеѓу студентите, истакнатите професори и рамномерните компании од областа. Покрај размената на искуства и знаење, се остваруваат контакти за идна соработка и полесно напредување во струката.

Дополнително, самата конференција како еден настан од ваков карактер ќе има и големо влијание во зголемувањето на општиот интерес и свеста за значењето на оваа проблематика.

- ## Научни области на конференцијата

**А. Влијание на климатските промени врз животните;**

**Б. Влијание на климатските промени врз земјоделсвото;**

**В. Влијание на климатските промени врз флората;**

- **Учесници на конференцијата**
  - Студенти на додипломски студии
  - Студенти на постдипломски и докторски студии
  - Претставници од академската средина
  - Компанија чија дејност е поврзана со темите на конференцијата

- **Работни јазици**
  - македонски јазик

- **Насоки за учесниците**
  - За учесниците кои се студенти на додипломски студии е задолжително менторство на трудот од страна на професор со цел да се зголеми квалитетот на пријавените трудови.
  - За учесниците запишани на постдипломски и докторски студии се препорачува коавтор на трудот да им биде професор.
  - Најмногу двајца студенти можат да се автори на еден труд
  - Котизација за учество на конференцијата изнесува 600 денари по учесник (во оваа сума покриени се трошоците за храна и материјали за сите денови на конференција)
  - За учество на конференцијата авторите треба да се регистрираат и пријават на (https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSc4Iye1Ut0f-lu0mJ-v-U_NXACoay9wYGG_YKbwX_02uguxrw/viewform) најдоцна до **15.07.2020** година.
  - Апстрактот и трудот треба да бидат напишани според образецот за изработка на трудот кој е поставен на страната на факултетите соодветно.

- Трудовите можат да бидат од 6 (шест) до 8 (осум) страни А4 формат, односно 250 до 300 зборови.
- Времетраењето на презентацијата изнесува 15 минути со предвидени 5 минути за дискусија.
- Краен рок за испраќање на изработен труд е до **15.08.2020** година.

- **Рецензија на трудовите:**
  - Пријавените трудови ќе бидат рецензирани од Научниот одбор. Во однос на анализата и корекциите на трудовите, може да бидат организирани консултации.
- **Зборник на трудови**
  - Трудовите коишто ќе бидат изработени според официјалното упатство, навремено испратени и прифатени од страна на Научниот одбор, ќе бидат објавени во официјалниот Зборник на трудови на конференцијата.

- **Место на одржување**
  - **ФЗНХ –** Факултет за земјоделски науки и храна

- ## Информации за организаторите

- **(СКГКП) –** Прва студентска конференција за Глобални Климатски промени

**( avtokomandafss@gmail.com )**

- **ФВМ –** Факултет за ветеринарна медицина – ул. „Лазар Поп-Трајков“ 5-7, 1000 Скопје http://www.fvm.ukim.edu.mk/
- **ФЗНХ –** Факултет за земјоделски науки и храна - ул. „16 Македонска бригада“ бр. 3 П.фах 297, 1000 Скопје http://www.fznh.ukim.edu.mk/
- **ФаШПЕ „Ханс Ем“ -** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг – ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје http://www.sf.ukim.edu.mk/

- ## Важни датуми

15.07.2020 – пријава за учество на конференцијата со испраќање на апстрактот

15.08.2020 – испраќање на трудот

29 и 30 октомври – одржување на конференцијата